**Бранко Цветкоски**

## СНАИТЕ ОД ЗЕМЈА

Жените од мојот крај
Сите снаи од земја
Од мојот предел
До посмртната слика на стопанот
На мермерот мазен
Нарачуваа
Да се издлаби место
За нивниот лик

Со страв да не ги заречат
Преостанатите години виделина
Ми велеа
Дека со тоа го вестат
Скорешното заминување
Кај пресниот вдовец
На оној свет

Некои долго живееја
Во години на печал
Некои со прикриен повтеж
Боготвореа нови светци
До последниот ден

На големите сведни
По долг и тежок пост
Снаите од земја од мојот предел
Со прецутена страст
Ги припиваа лицата
Во издлабената елипса на мермерот
И во најубава руба
Влегуваа да запалат голема свеќа
Аловиот образ да го покажат
Пред иконите

**БИОГРАФИЈА**

**Бранко Цветкоски** е роден на 21 јуни 1954 година во с. Слатино, Охридско. Дипломирал на Филолошкиот факултет во Скопје. Работел како новинар во културната рубрика на весникот „Нова Македонија“. Бил главен

уредник во книгоиздателството *Култура* од Скопје и на списанието за литература, уметност и култура *Стремеж* од Прилеп. Бил претседател на Советот на *Рацинови средби*. Бил директор на Македонскиот народен театар во Скопје. Член на ДПМ од 1984 година. Член на Македонскиот ПЕН центар.

Автор е на повеќе книги поезија, препеви, преводи, критики и есеи. Книги поезија: *Свијок* (1981), *Високи ветрови* (1985), *Пресна пепел* (1990), *Подарена сол* (1991) *Обетки од ѕвезди* (1991) *Молитвен веј* (1993), *Синори* (1998), *Ноќник* (1998), *Името. Родот. Имотот* (2000), *Скрб* (2002).
Критики и есеи: *Пластови и глас* (1989), *Дела и доблести* (1992), *Критички загледувања* (1996), *Повисоко од животот* (1997), *Ек и одек* (1999), *Возбудени македонски дијалози* (интервјуа, 1990)

Преведуван е на повеќе јазици. Добитник е на наградите: „Млад борец“, „Браќа Миладиновци“, „Златно перо“, „Григор Прличев“. Живее и работи во Скопје.